


## МАРК МОРА ДА "ИСКЕШИРА" 1,8 МИЛИОНИ ЕВРА ДАНОК



Сопругот на популарната пејачка Џенифер Лопез не ги платил даночните обврски кон државата во последните пет години, поточно од 2000 до 2004 година, на приход од 11,5 милиони евра. Поради тоа, сега ќе мора да издвои 1,8 милиони евра за да го подмири долгот. За целата оваа збрка не е виновен тој, туку неговиот сметководител, чија работа била да внимава на даночните пријави. Освен него, во случајот се вмешани и братот на Марк, кој признал дека е виновен поради што мора да плаќа даночни казни. Џенифер Лопез не е вмешана во даночните прикривања, бидејќи има посебна сметка.



## НАТАЛИ ПОРТМАН И ЏАД ЛО СЕ НОВИОТ ЉУБОВЕН ПАР



Натали Портман и Џад Ло се новиот холивудски љубовен пар. Двајцата артисти се видени заедно, но тоа дружење по премиерата на неговиот филм "My Blueberry nights" личело на нешто повеќе од пријателско. Натали ја прекинала врската со своето долгогодишно момче Гаел Гарсија Бернал, па "пријателството" со Џад ѝ одговара за побрзо да ја преболи поранешната љубов. По неколкуте сапуници со Сиена Милер, Џад ја пронашол среќата во младата и атрактивна артистка.






